**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Ј.У. Детски дом "11 Октомври"-Скопје**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2022 ГОДИНА НА ОДДЕЛОТ ЗА ПОДГОТОВКА И ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИ КОИ КОРИСТАТ ВОН-СЕМЕЈНА ЗАШТИТА - СМЕСТУВАЊЕ

**Скопје, Јануари 2022**

**Вовед**

ЈУ Детски Дом 11 Октомври Скопје е установа за вонсемејна социјална заштита чија надлежност е утврдена согласно Законот за социјална заштита.

Установата опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24-часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон-семејна заштита.

Во рамки на установата покрај сместување на деца без родители и родителска грижа во посебна организациона единица се обезбедува и привремено сместување и престој на самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето, самохран родител до тримесечна возраст на детето и малолетни родители со деца.

На сместените корисници во оваа организациона единица стручните работници од установата им обезбедуваат услуги на информирање, упатување, помош и поддршка со примена на методи и техники за работа (интервју, набљудување, скали на процена на одредени статуси , и сл. ), преку индивидуална или групна работа по проценка на стручните работници од установата.

Низ целокупниот процес на работа во фазата на процена, стручните работници градат позитивен однос со мајката/самохраниот родител преку позитивна комуникација, создавање средина на приватност и доверливост.

Стручните работници располагаат со вештини за асертивна комуникација, водење на разговор, креирајќи атмосфера на прифаќање, разбирање на ситуацијата во која се наоѓаат, без осуда и став на дискриминација.

Со престојот во установата и стручната работа корисникот треба да добие поддршка во прифаќање на состојбата во која се наоѓа, помош во надминување на чувството на осаменост,срам,вина,доволно информации за правата и обврските кон детето како родител и подршка во донесување одлука за прифаќање на детето,подготовка за новата улога и преземање на понатамошната грижа за детето, или за донесување информирана одлука за привремена или трајна заштита на детето со други форми на заштита надвор од семејството.

Стручната работа ќе се реализира врз основа на добиените информации од надлежниот центар за социјална работа за корисникот (материјален статус, семеен , здравствен и сл.), проценка на родителски капацитети и потенцијали, должина на престој во установата, согласно **Програмата за Подготовка и поддршка на родителите кои користат услуга од вон – семејна заштита - сместување во установа е подготвена согласно важечките законски и подзаконски акти кои се однесуваат на заштита на децата.При изготвување на програмата се земени во предвид и Националната стратегија за деинституционализација на Република Македонија 2018-2027 и други национални и меѓународни документи.**

**Цели на програмата**

Програмата има за цел да ги запознае и подготви идните родители за одговорно родителство во насока на преземање на грижата за детето или за донесување информирана одлука за привремена или трајна заштита на детето со други форми на заштита надвор од семејството.

Програмата ги има следниве содржини:

- улога и начин на функционирање на установата;
- права и услуги и одговорности согласно видот на корисникот (бремена жена, самохран родител, малолетен родител) и изложеноста на социјален ризик
- мотиви за родителство и поттикнување на одговорно родителство
- што значи семејство, неговите функции и улогата на секој член
- почитување на детето и неговите детски права
- значењето на раниот детски развој, потребите и развојот на нивното дете согласно возраста
- здравјето на детето и начинот на постапување согласно здравствената состојба, следење и реагирање на промените
- нега, грижа,безбедност и исхраната кај бебет
- емоционалната врска ,рано врзување (early attachment)
- влијанието на играта и играчките врз развојот на детето
- вештини и методи за постапување при воспитување на детето
- репродуктивно здравје и сексуално преносливи болести(ХИВ, СИДА и сл)

**Целна група**

Содржините на оваа програма се наменети за корисници сместени во ЈУ Детски Дом 11 Октомври Скопје и тоа:

- самохрана невработена бремена жена еден месец пред породување
- самохран родител до тримесечна возраст на детето
- малолетни родители со деца

Стручните работници од установата по претходна проценка и добиените информации од надлежниот центар за социјална работа и од претходната нивна проценка од работата, треба да ги реализираат следниве содржини:

## 1. Улога и начин на функционирање во установата

**Цел:** Сместените корисници да се запознаат со законските надлежности на установата, вработените и нивните работни задачи како и начинот на

функционирање.Исто така се запознаваат и со куќниот ред,правилата кои треба да се почитуваат додека се сместени во установата.

## 2. Права , услуги и одговорности согласно видот на корисникот и изложеноста на социјален ризик

**Цел:**Во однос на оваа содржина учесниците треба да добијат информации за нивните права, услуги и обврски согласно нивниот статус во рамки на законската регулатива и тоа:

- Права и услуги согласно Законот за социјална заштита
- Права и услуги согласно Законот за детска заштита
- Права и одговорности согласно Законот за семејство
- Права и услуги согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

## 3. Мотивите за родителство и поттикнување на одговорно родителство

**Цел:** Во однос на ова содржина се прави проценка на мотивите кај учесниците за да се биде родител и се поттикнуваат позитивните мотиви за тоа што значи да се биде одговорен родител.Исто така се запознаваат и со стилови на родителство.

## 4. Што значи семејство,неговите функции и улогата на секој член

**Цел:** Запознавање на учесниците со тоа што претставува семејството, видови на семејства како и улогата на членовите на семејството.

## 5. Почитување на детето и неговите детски права

**Цел:** Преку овие содржини родителите се информираат за правата и обрските на нивото дете согласно Конвенцијата за правата на детето.
Пример: Детето има право на живот, опстанок, здрав развој, право на име, државјанство, да си ги знае родителите а тие да се грижат за него.
Право на образование,здравствена заштита,најдобар интерес на детето и сл. Почитувањето на детските права и интереси и дека секогаш треба да се тргнува од потребите на детето односно детето да биде центарот на вниманието на секој родител.

## 6.Значењето на раниот детски развој,потребите и развојот на детето согласно возраста

**Цел:** Родителите се запознаваат со концептот на развој и раст (од 0 до 3 години): физички, социјален, емоционален, когнитивен, морален развој (Согласно Стандардите за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 год)
Запознавањето со потребите на детето може да се направи и поединечно за секое дете врз основа на претходно направена проценка на детето согласно инструментот за проценка на биопсихосоцијалниот статус на детето. (Триаголникот на мојот свет)

**7.Здравјето на детето и начин на постапување согласно здравствената состојба, следење и реагирање на промените**

**Цел:** Се запознаваат родителите со здравствената состојба на нивното дете, како да ги следат и да реагираат на промените.
Доколку има деца кои имаат потешкоитии во развојот, се запознаваат родителите со специфичностите и каде понатау треба да се обратат за поддршка.

**8.Нега, грижа,безбедност и исхраната кај бебето**

**Цел:** Родителите да добијат информации за се што е потребно за нега, грижа, исхрана и безбедност на детето согласно возраста и специфичностите.

**9.Рано врзување (early attachment)**

**Цел:** Родителите да знаат што значи градење на емоционалата врска родител-дете и последиците од раскинувањето,односно одвојувањето на детето од родителот.

**10. Влијанието на играта и играчките врз развојот на детето**

**Цел:**Родителите да се запознаат со значењето на играта и играчките во развојот на детето. Дека не се потребни скапи играчки туку играчки и игри исполнети со љубов и внимание од страна на родителот/ите.Низ играта со детето да се гради контакт на сигурност, безбедност, внимание, љубов и емотивна топлина.

**11. Вештини и методи за постапување при воспитување на детето**

**Цел:** Стручните работници да ги запознаат родителите дека за правилно воспитување на детето се потребни одредени вештини и примена на соодветни методи на постапување,како и тоа дека децата се воспитуваат уште додека се мали.Но за тоа секогаш на прво место е љубовта, вниманието и позитивиот модел и пораките кои ги дава родителот низ невербалните гестови и вербалниот говор.

За секоја претходна поставена цел за правилен раст и развој на детето потребна е љубов од страна на родителот, хармонично семејни односи топла семејна средина, која ќе поттикнува правилен раст и развој кај детето.

## 12.Репродуктивно здравје и сексуално преносливи болести (ХИВ, СИДА и сл)

**Цел:** Родителите да добијат информации за репродуктивното здравје и сексуално преносливите болести.

## 13.Просторно-технички капацитети

Посебната организациона единица за привремено сместување на мајки со бебиња и самохран родител до тримесечна возраст и малолетни родители со деца се наоѓа на ул.,,Васил Горгов,, бр.25 во делот на објектот на Ј.У.Детски дом 11 Октомври-Скопје.
Локацијата на оваа организациона единица е во населено место,со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура,пристап до основните служби (центар за социјална работа,здравствени институции,градинки и др)и има можности за прифаќање и интегрирање во заедницата.
Објектот е приклучен на електрична и водоводна инсталација,има одредена дворна површина и изведен приод до објектот кој овозможува непречен пристап за пешаци и возила.
Посебната организациона единица располага со

- просторија за негователи
- просторија за дневен престој и индивидуална работа
- соби за сместување на мајките со бебиња и деца
- санитарна просторија и
- кујна

## 14.Структура на кадарот

За спроведување на оваа програма и функционирање на оваа организациона единица ќе бидат вработени 6 негователи кој ќе работат во три смени и ќе се има 24часовна покриеност на потребите на мајките и бебињата.
Како стручна помош воколку им биде потребна ќе добиваат од стручните лица кој ќе работат во Центарот за подршка на згрижувачи и згрижувачки семејства.

## 15.Соработка

За реализирање на својата програма организационата единица ќе соработува со бројни институции како на локално ниво така и пошироко.

## 16.Интерна контрола на вработените

Во текот на работењето интерна контрола на вработените ќе биде редовна активност во установата се со цел да се постигне квалитет во услугите што треба да бидат реализирани.
Интерната контрола на вработените ќе биде реализирана од страна на директорот и раководителот.

## 17.Евиденција и документација

Во однос на документацијата вработените во оваа организациона единица ќе водат досие за секоја мајка или самохран родител кои ќе биде згрижен и воедно се што ќе се работи со нив во текот на привременото згрижување.

## 18.Финансирање

Финансирањето ќе биде обезбедено согласно Финансискиот план на Установата и проценката на потребите за непречено функционирање.

## 19.Очекувани резултати и можни ризици

Како очекувани резултати би биле успешност во оспособување на родителите и нивните родителски капацитети, за понатамошна самостојна грижа околу децата како и нивно насочување за начин на барање помош и подршка во понатамошниот самостоен начин на живеење.